РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 1502-52/4
29.01. 2026 год.

**Градоначалник на Општина Свети Николе**

тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911

e-mail: info@svetinikole.gov.mk

www.svetinikole.gov.mk

**ДО**

Локални компании

Центар за вработување – Свети Николе

Стопанска комора на Македонија - Регионална комора Штип

Сојуз на стопански комори

Центар за стручно образование и обука

МОН – Сектор за средно образование, образование на возрасни и доживотно учење

**ПРЕДМЕТ:** Покана за настан – социјален дијалог

Почитувани,

Поради потребата за анализа на пазарот на трудот на територија на општина Свети Николе, анализа на потребата од кадри во општинските компании како и нивна подготвеност да вклучат ученици во производствениот процес, Ви доставуваме линк од анкетен прашалник со кој ќе дојдеме до потребните информации на локално ниво (испитување на потребата од кадри во компаниите и нивната подготвеност за вклучување на ученици). Прашалникот е објавен на официјлната интернет страница на општина Свети Николе.

https://docs.google.com/forms/d/e/1FAIpQLSeXQyJhgFjxjTUsS3njiW54Zd13xYKj8T_qM4excXGGFPA9hA/viewform

Би Ве замолиле да го потполните Анкетниот прашалник по електронски пат најдоцна до 04.02.2026 година. Истиот нема да Ви одземе повеќе од 5 минути.

Воедно ви доставуваме и **Покана** за организирање на **средба за социјален дијалог односно настан – Учење преку работа кај работодавач** кој ќе се одржи со почеток од 09:00 часот, четврток 05.02.2026 година, во салата на Советот на Општина Свети Николе. Средбата е со цел да се дискутира и идентификува потребата од отворање на одредени профили и паралеки во СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе за идната учебна година како и доставување на предлози за тоа како да се унапреди средно стручно образование во Општина Свети Николе и да се одговори на потребите на реалниот сектор со соодветен стручен кадар, со што истите Предлози би се доставиле до Министерството за образование и наука како би можеле да се вклучат во Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта за учебната 2026/2027 година.

По одржаната средба претставници од СОУ „Кочо Рацин“ Свети Николе ќе организираат работни средби со сите компании заинтересирани за

вклучување во понатамошниот процес на дуално образование за наредната учебна година.

Со надеж дека ќе ја прифатите нашата покана и ќе бидете дел од овој настан, а се со цел организирање на самиот настан во зависност од искажаниот интерес од Ваша страна, сите заинтересирани треба да го потврдат учеството најдоцна до **Вторник 03.02.2026 година** на следниве контакти со што би номинирале и лице од Вашата компанија/организација/институција кое би присуствувало на настанот. На истите електронски пошти можете да ги добиете сите дополнителни информации.

Е пошта: ler@svetinikole.gov.mk

**ПРИЛОГ:**

**- Агенда**

Однапред ви благодариме на соработката!

Со почит,

**Градоначалник**
**на Општина Свети Николе**

**Дејан Владев**